USAID
ОД АМЕРИКАНСКИОТ НАРОД

МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС

**ГРАНТОВИ ЗА БРЗ ОДГОВОР**
бр. 14-31/1-2024

# Прашања и одговори

*П1: Според вашите објаснувања и упатството сфативме дека поддржувате мултимедијални содржини, но сепак би сакала да потврдиме уште еднаш дали можеме да аплицираме со таков формат. Исто така дел од нашата активност мора да биде истражување со надворешни експерти пред да започнеме со пишување на сценаријата за емисиите, па би сакала да го потврдам дали и тоа е прифатливо како активност.*

О1: Не би можеле да потврдиме колку некоја конкретна активност е прифатлива без да го видиме комплетниот предлог проект, за да може да ја оцениме целокупната релевантност на истата. Важно е активностите испланирани во вашиот предлог проект да имаат логична поврзаност и да бидат добро образложени, а со тоа и доволно креативни и насочени кон конкретни акции. Доколку вие сметате дека вашата проектна идеја е во согласност со целта на нашиот повик и придонесува кон постигнување на најмалку еден од петте наведени резултати, тогаш ве поттикнуваме да поднесете предлог апликација.

*П2: Ние немаме вработени во нашето здружение, ние основачите ги реализираме сите активности што досега сме ги имале успешно... Во моментот сме во преговори со општината за да може да ни се доделат некои општински простории за користење на одредени проектни активности што ни следат...Па врз основа на сето ова, дали ние можеме да аплицираме за ваков грант за брз одговор- имаме идеја во областа околу вклучувањето на ранливите заедници и нивно едуцирање на нивните права бидејќи функционираме во таа област?*

О2: Доколку вие сметате дека вашата проектна идеја е во согласност со целта на нашиот повик и придонесува кон постигнување на најмалку еден од петте наведени резултати, тогаш ве поттикнуваме да поднесете предлог апликација.
Во однос на бројот на вработени кој се бара да го внесете во формуларот за аплицирање, не се мисли само на формално вработени, може тоа да бидат и лица ангажирани со Договор на дело за спроведување на одредени активности, па слободно во тоа поле наведете број на лица кои се или биле вклучени во спроведување на вашите активности (дури и тоа да се само основачите).
Во точката 4.2 од Формуларот за аплицирање во која се бара вашето претходно искуство, опишете ги досега спроведените активности, независно од областа на делување, особено ако станува збор за преземени акции кои вклучувале граѓани.

*П3: Дали давате грантови на приватни истражители?*

О3: Согласно точка 2.1 од Упатството за аплицирање, на овој повик може да аплицираат само граѓански организации и мрежи на граѓански организации регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) најмалку една година пред објавата на повикот. На повикот исто така може да аплицираат и неформални

мрежи на граѓански организации, но истиот не е наменет за физички лица/индивидуалци/истражувачи.

*П4: Дали може фондацијата која е апликант, а има ист основач со компанија за видео продукција ДООЕЛ, да ја ангажира истата видео продукција за потребите на еден дел од проектот – снимање видео туторијал? Или треба да ангажира друга фирма и/или лица професионалци ангажирани како експерти со договор на дело?*

О4: Ова прашање не се однесува на самиот повик туку на процесот на спроведување на проектот. Како и да е, имајте предвид дека при спроведување на набавки во рамки на проектите мора да се избегнува потенцијален судир на интереси и да се запазат начелата за транспарентност, еднаков пристап, конкуренција меѓу понудувачи и рационално и ефикасно користење на средствата.

*П5: Дали доставени Писма за поддршка и/или интерес за соработка заедно со пакетот документи при аплицирањето, придонесуваат на бодувањето на предлог проектната апликација?*

О5: Писмата за поддршка и/или интерес за соработка ќе бидат поткрепа на вашите заложби за вклучување на засегнатите страни во активностите од предлог проектот.

*П6: Дали постои ограничување за распределба на средствата во ставката 1.Човечки ресурси (на пр. 30% како во други повици)?*

О6: Во овој повик нема ограничување во распределбата на средствата по буџетски ставки. Важно е вашата идеја да е релевантна на целите и резултатите на овој повик, а предлог проектот логично и соодветно пресликан во Буџетот, поткрепен со добри образложенија за потребата на средства за секоја ставка.